РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Бр: 03-39/2
Скопје: 10.02.2020

**До**
**Влада на Република Северна Македонија**
**Генерален Секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски**
**Предмет: Барање на мислење; Барање дополнителни информации**
**Врска: Ваш допис бр. 49-938/1 од 29.01.2020 (Наш бр. 03-39/1 од 30.01.2020)**

Почитувани,

Генералниот Секретаријат на Владата на Република Северна Македонија со допис бр. 49-938/1 од 29.01.2020 достави до Комисијата за заштита на конкуренцијата барање на мислење во врска со Законот за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија ( „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/20), Предлог-Деловникот за работа на Комисијата за стратешки инвестициони проекти и Предлог-Барањето за добивање на статус на стратешки инвестициски проекти.

Комисијата за заштита на конкуренцијата го разгледа Законот за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија ( „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/20), Предлог-Деловникот за работа на Комисијата за стратешки инвестициони проекти и Предлог-Барањето за добивање на статус на стратешки инвестициски проекти, доставени од страна на Генералниот Секретар на Владата на Република Северна Македонија.

Со цел Комисијата да даде мислење во врска со Законот за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија, Предлог-Деловникот за работа на Комисијата за стратешки инвестициски проекти и Предлог-Барањето за добивање на статус на стратешки инвестициски проекти, а во врска со член 21 од Законот за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија, потребно е навремено да се достават до Комисијата за заштита на конкуренцијата и подзаконските акти чие донесување е утврдено со Законот за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија. Воедно, потребно е детално појаснување за член 2 од Законот за стратешки инвестиции во

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје
Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466 www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Република Северна Македонија, односно појаснување на вториот дел од член 2, во кој се споменува "**зголемување на извозот**". Ова е потребно за Комисијата согласно своите надлежности, правилно да утврди дали станува збор за планирано доделување на државна помош согласно Законот за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија и дали истата ќе се доделува согласно важечкото законодавство за државна помош во Република Северна Македонија.

Воедно, Комисијата за заштита на конкуренцијата, потсетува на член 13 од Законот за контрола на државната помош, согласно кој секој давател на државна помош е должен до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави известување за секој план за доделување на нова или промена на постојната државна помош, без оглед дали истата се доделува како индивидуална помош или како шема на помош.

Со почит,

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-р Владимир Наумовски**

**Изготвил: Роса Милошева**
**Контролирал: Јован Тодоров**
**Одобрил: Розана Ванковска**

N Јован / Роса

**Влада на Република Северна Македонија**

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

Сектор за правни работи

Бр. 49-938/3

Скопје, 05-03-2020 година

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Комисија за заштита на конкуренцијата
Komisioni për Mbrojtjen e Konkurrencës
Скопје-Shkup

| Примено: E pranuar: | 25.03.20 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един. Nj. Org. | Број: Numri | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 03 | -39/3 | | |

**ДО** **Комисија за заштита на конкуренцијата**
**ул.„Св. Кирил и Методиј" бр.54 (6-ти кат)**
**1000 Скопје**

**ПРЕДМЕТ:** **Известување по Барање за мислење**
**Врска:** **03-39/2 од 10.02.2020 година**

Почитувани,

До Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија по претходно поднесено Барање на мислење за Законот за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.14/20), Предлог – Деловникот за работа на Комисијата за стратешки инвестициони проекти и Предлог – Барањето за добивање на статус на стратешки инвестиционен проект, доставено е Барање на дополнителни информации во однос на појаснување на членот 2 од Законот за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија и дали планираното доделување на државна помош ќе се доделува согласно важечкото законодавство за државна помош во Република Северна Македонија.

Генералниот секретаријат Ве известува за следното:
Согласно членот 6 став 1 од Законот за стратешки инвестиции во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.14/20):
„Прописите од областите на државна помош, управување со јавните финансии и јавен долг се применуваат за реализација на стратешките инвестициони проекти утврдени согласно со овој закон."
Имајќи ја предвид одредбата од членот 6 од овој Закон и членот 13 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на РМ, бр. 145"), за реализација на стратешките инвестициони проекти ќе се применуваат одредбите од областите на државна помош, па оттука и одредбите од членот 13 од Законот за контрола на државната помош.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Влада на Република Северна Македонија

- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

Сектор за правни работи

Во однос на второто појаснување за употреба на терминот "зголемување на извозот" и неговото значење во контекст на законските одредби, Ве известуваме дека истото е поставено како цел на законот со оглед на тоа што истото придонесува кон остварување и на другите цели поставени во членот 2 од Законот како намалување на трговскиот дефицит, подобрување на добросостојбата и условите за живеење и зголемување на економски пораст во државата.

Приоритетите определени согласно Законот се насочени кон зголемување и поддршка на производството, извозот, инвестициите, пристап до финансирање на компаниите, како и зајакнување на конкурентноста на македонската економија за да се постигне поголем економски раст и развој.

Зголемувањето на извозните активности е поставен како главен двигател на економијата, а истото е особено значајно за држава со мала економија во која е потребна извозна ориентација, со што ќе расте учеството на извозот во бруто домашниот производ.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА
ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Д-р Драги Рашковски



Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk